**Слободен изборен предмет: Цивилизациски развој кај народите**

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

**Наставната програма вклучува релевантни компетенции од следното подрачје: VI. Општество и демократска култура**

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| VI-A.1 | да објасни како општествените фактори влијаат врз личноста и средината и да ги зема предвид при формирање мислење и донесување одлуки. |
| VI-A.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата. |
| VI-A.4 | да прави критичка рефлексија за различните лични и општествени вредности и однесувања во различни контексти (особено во етички сензитивните ситуации), да ги почитува општествено прифатените норми и вредности, но и да ги предизвикува кога мисли дека тоа е потребно. |
| VI-A.25 | да ги објаснува карактеристиките на природните и општествените средини и нивната поврзаност со организација на животот на луѓето. |
| VI-A.28 | да ги раскаже и објасни историските настани на светско ниво (од социјален, културен и политички аспект)што се битни за развојот на цивилизацијата, за формирање на нациите и за односите меѓу народите и државите во современи услови |
| VI-A.29 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу најзастапените религии во светотиатеизмот/агностицизмот, со посебен акцент на етичките норми и вредностите што ги застапуваат. |

| | |
|---|---|
| VI-А.30 | критички да размислува за различните перспективи во толкување на историските настани. |
| VI-А.31 | да ги поврзува економските, културните, социјалните и политичките процеси во различни историски периоди. |
| VI-А.32 | критички да анализира историски извори, артефакти и различни наративи. |

*Ученикот/ученичкатаразбираиприфаќадека:*

| | |
|---|---|
| VI-Б.1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн.) |
| VI-Б.2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси. |
| VI-Б.6 | личниотангажмани соработкатасо другите себитни заостварувањезаедничкијавенинтерес |
| VI-Б.10 | познавањето на историјата и географијата овозможуваат подобро разбирање на светот во којшто живееме. |

**Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните подрачја: I. Јазична писменост, II. Користење други јазици**

**IV. Дигитална писменост,V. Личен и социјален развој, VII. Техника, технологија и претприемништво, VIII. Уметничко изразување и култура**

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| I-А.1 | да ги изразува и пренесува своите мисли, чувства, информации и ставови во различни комуникациски ситуации на својот мајчин јазик, преку различни медиуми и за различни цели. |
| I-А.2 | да познава и да користи различни форми на писмено изразување: литературни (песна, краток расказ, излагање/говор, литературен есеј, дневник и др.) и нелитературни (тематски есеј, известување, барање, соопштение, реклама и др.), |

| | |
|---|---|
| I-A.6 | да ги идентификува основните карактеристики на мајчиниот јазик (азбука, историја, дијалекти итн.) и сличностите и разликите со други јазици. |
| II-A.1 | да разбере реченици и често употребувани фрази што се однесуваат на области од најнепосредна лична важност (како лични и семејни информации, потреби и интереси), |
| II-A.2 | да ја извлече главната поента во јасни, едноставни пораки, соопштенија, упатства, молби и сл |
| IV-A.1 | да ги истражува и споредува можностите на познати и нови дигитални уреди и самостојно да процени, одбере и да ги користи тие што се најсоодветни за конкретна потреба и ситуација |
| IV-A.4 | во соработка со други да анализира проблем, да развие идеја и план за негово истражување и решавање и да испланира кога и за што ќе користи ИКТ |
| IV-A.5 | да определи какви информации му/и се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини, и да ја процени нивната релевантност во однос на конкретната потреба и веродостојноста на изворот |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењетои да го прилагоди сопственото однесување во иднина |
| VII-A.1 | да ги поврзува сознанијата од науките со нивната примена во техниката и технологијата и со секој дневниот живот |
| VII-A.2 | да ја објасни потребата од иновации за развојот на општеството |
| VII-A.5 | да иницира едноставни проекти со културна, општествена или комерцијална вредност, да ја испланира нивната реализација, земајќи ги предвид потребните ресурси и можните ризици и да напише извештај за реализацијата |
| VIII-A.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност. |

*Ученикот/ученичкатаразбираиприфаќадека:*

| | |
|---|---|
| I-Б.1 | прекуизучувањенамајчиниотјазиксе развивасопствениот јазиченикултурен идентитет, а преку јазичната комуникација се пренесува културното наследство икултуратана живеење |
| I-Б.2 | прекучитање текстовисоразличнасодржинаи структурасеразвиваписменоста, се формира поширок поглед за себе и за светот и се поттикнува пишувањето одпотребаиодзадоволство |
| IV-Б.1 | дигиталнатаписменостенеопходназасекојдневнотоживеење-гоолеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, закреативностииновативност,нудиразнsocmożnostiза забава |
| V-Б.1 | грижата за сопственото тело и редовното практикување физички активности е важен услов за обезбедување физичко и ментално здравје. |

| | |
|---|---|
| V-Б.2 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста. |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвиците во секојдневите ситуации. |
| VII-Б.4 | работнатаетика,културнатачувствителностиодносоткондругите сезначајниза креирањеиодржувањепозитивнаработнаклима |
| VII-Б.5 | ресурсите не се неограничени и дека е потребно одговорно да се користат. |
| VIII-Б.2 | критичкиотодносконразличнитепродукти науметностаебитензаразвивањена индивидуалнитеиопштественитеестетскивредности. |
| VIII-Б.5 | наразликите меѓукултуритетребадасе гледакако наможности заучење икако предизвикзазаемноразбирањеи напредување |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

**Тема1. Комуникација**

Вкупно часови: **16** часа

***Знаења/вештини:***

- Ја разбира потребата од комуникација меѓу луѓето во најразлични форми;
- Прави разлика меѓу вербална и невербална, пишана, визуелна и дигитална комуникација;
- Разбира како течел процесот на настанок на говорен јазик, како и условите кои допринеле за негово настанување;
- Разбира како и зошто тече процесот на константно менување на јазикот;
- Ја разбира потребата од создавање на писмо и условите кои допринеле за негово настанување;
- Ги знае видовите писма кои допринеле до формирање на кирилично и латинично писмо;
- Прави разлика меѓу пиктографско, идеографско и фонетско писмо;
- Ја разбира потребата од појава на печатени медиуми;
- Ги знае методите на комуникација како телевизија, радио, телефон, мобилен и сл.

| ***Ставови/вредности:*** | |
|---|---|
| • Развива интерес и почит кон проучување на старите цивилизации и култури, кои се основа на денешните;<br>• Ја прифаќа важноста за настанување на писмо по природен тек на развој условени од социјалните, финансиски, верски и слчни услови;<br>• Развива чувство за постепен цивилизациски и културолошки развој, кој до денес е активен;<br>• Развива однос кон сопственото културно наследство и сопствената религија, како и кај другите народи религии. | |
| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери на активности:*** |
| • Вовед во комуникација<br><br>(*комуникација, цивилизација, култура)*<br>број на часови: **1** | • Наставникот најпрвин ги прашува учениците што е тоа комуникација, како може да се изведе, дали знаат за различни методи на комуникација и сл.? Потоа се отвора дискусија за значењето на комуникација, бенефитите од неа, но и како би изгледал светот без неа? Втората половина од часот наставникот им предлага на учениците игра „глув телефон“, или „предизвик со шепотење“, каде е вклучено целото одделение, преку која ќе се согледа значењето од комуницирање.<br><br>• Учениците со кревање на рака даваат свои идеи за поимот комуникација, а потоа сите го пишуваат во тетратка најдобриот исказ за тој поим. Активно дискутираат за значењето, бенефитите од комуникација, даваат свои примери, но и даваат свои мислења кога би била комуникацијата непостоечка, како би изгледал тогаш светот. На крај сите се вклучуваат во играње на зададената игра |
| • Историја на комуникација<br><br>*(вербална, невербална, визуелна, дигитална, говор на тело)*<br>број на часови: **1** | • Наставникот им презентира кратко видео за историскиот развој на комуникацијата на учениците. Од како ќе го проследат видеото ги прашува учениците да наведат појасни примери за разните видови комуникација. Потоа им ги обасјнува на учениците видовите комуникација (вербална, невербална, пишана, визуелна, дигитална), а клучните поими ги запишува на табла. Вторта половина од часот наставникот како пример за невербална комуникација им задава игра на „пантомима“, каде учениците во парови излегуваат пред табла, едниот ученик има картичка со напишана реченица и мора со пантомима да му ја „каже“ на другиот ученик, без да користи зборови нормално).<br><br>• Учениците внимателно го следат видеото, даваат свое видување и потоа одговараат на поставените прашања од наставникот. Ги запишуваат во тетратка клучните поими. Втората половина актвино се внесени во играта „пантомима“. |

| | |
|---|---|
| • Еволуција на јазик<br><br>*(јазично семејство, јазична група, алфабет, абецеда, азбука)*<br>број на часови: **5** | • Наставникот ги запознава учениците со краток документарен филм за настанок на говор, теориите за негово настанување и процесот до денешен разбирлив и разговорен јазик. Ги дели во групи и им посочува каде да најдат, да истражат соодветна теорија, секоја група застапува една теорија за настанок на јазик.<br>• Учениците откако ќе бидат поделени во групи работат на изнаоѓање примери на зборови и нивно логично создавање од дадената теорија. На табла се запишуваат сите примери од секоја група и се дискутира како и зошто говорот можел/ неможел да настане од таа теорија. Кои пречки довеле до отфрлање/ продолжување на развој на таквата теорија. |
| | • Наставникот ги дели учениците во групи (од по 4-5 уч.) и на секоја група различно им дава задача да изнаоѓаат различни/слични зборови (една група бара зборови кои ги користат бабите и дедовците, а ние веќе не ги користиме; друга група бара зборови кои се користат во нашата непосредна близина, дали во околните села/урбани средини кои се различни; трета група бара различни/слични зборови со некој од соседните градови; четврта група бара зборови слични/различни од соседните држави). Се запипуваат зборовите во табела и потоа се дискутира зошто има некои слични, а некои различни зборови. Им ги обајаснува поимите јазично семејство, јазична група и сл.<br>• Учениците во своите поделени групи се договараат и на еден лист ги запишуваат своите примери, а подоцна примерите ги запишуваат во табелата поставена на табла, дискутирајчи за своите примери. Даваат заедничко размислување зошто и како се случило тоа зборовите да бидат толку слични/различни. Ги запишуваат дефинициите за поимите јазично семејство, јазична гурпа итн. |
| • Еволуција на писмо<br><br>*(пиктографско, идеографско, фонетско, логограм,емотикон)*<br>број на часови: **2** | • Наставникот ги запознава учениците со потребата и начинот на постанок на писмо преку презентација, разни илустрации од настанокот на човекот па натаму. Им ги објаснува на учениците потребата од пештерско сликарство, потребата од размена да добра со рабуши, калкули и глинени фигурички. Каде и зошто се појавиле тие предвесници на писмото и каде ги однела понатаму нивната употреба. Наставникот бара од учениците да размислат кои и какви бенефити или негативни страни имале формите користени за паметење?<br>• Учениците внимаваат на содржината презентирана од наставникот и запишуваат во тетратка што е битно. Дискутираат кој начин е најлесен, зошто, како би можел да се подобри за побрза и подобра комуникација. Даваат свое видување за позитивните и негативните страни од користење рабуши, калкули итн. |
| | • Наставникот после рекапитулација од претходниот час, им раскажува на учениците за развојот на писмо, видовите писма кои се појавиле низ историјата од слики во пештери (пиктографско), до знаци со кои се бележат гласови (фонетско писмо). Додека зборува наставникот, паралелно има и видео презентација. Им дава задача на учениците да нацртаат една реченица. Потоа им дава задача да изнајдат логограми и да ги нацртаат на табла. |

| | |
|---|---|
| • Развој на писменост<br><br>*(папирус, пергамент, каламус, стилус, восочни таблички, кодекс, печатница, манускрипт)*<br>број на часови: **3** | • Наставникот преку неколку видео презентации им објаснува на учениците за разните видови материјали на кои луѓето пишувале (восочни таблички, папирус, пергамент). Потоа ги дели учениците во групи и на секоја група посебно им дели разни материјали за пишување и празен лист. Ги посочува да внимаваат и запишуваат се во врска со рзните материјали, каде и со што е најтешко/каде пак е најлесно.<br>• Учениците после видео презентациите, се здружуваат и пишуваат со најзазлични алатки, на најразлични материјали. Согледувањата ги запишуваат и потоа ги излагаат пред целото одделение. Се дискутира зошто и како ракописот има различен изглед на различни материјали. |
| | • Наставникот им објаснува на учениците за потребата од печатената реч, преку илустрации и презентација им раскажува за гутенберговата печатница, развојот на истата до денес. Значењето кое печатницата го имала во комуникацискиот развој. Ги дели учениците во 3 групи давајќи им ист текст на сите (едната група добива машина за пишување, другата добива лап топ, а третата добива лист хартија и перо од птица), текст кој мора да го препишат на посочениот соодветен начин. Се отвора дискусија за придобивките од разните форми на пишување.<br>• Учениците слушаат и следат внимателно, запишуваат во тетратка клучни поими. Вториот дел од часот пробуваат да препишат даден текст најбрзо што можат за да се согледаат бенефитите од изум на печатница. |
| • Појава на телеграф и телефон<br><br>*(телеграф, морзова азбука, телефон)*<br>број на часови: **1** | • Наставникот со видео презентација и илустарации им раскажува на учениците за пронајдокот на телеграф и телефон, кој ги измислил, кога и како биле измислени. Напредокот на истите до денешен мобилен апарат за комуникација. Клучните точки ги пишува на табла. Потоа од претходно договорено да се донесат соодветни материјали (две пластични чашки, долг конец и сл.) им дава инструкции на учениците како да направат самите телефон, за да се види како патува звукот.<br>• Учениците внимателно следат и запишуваат во тетратка што е битно, кажуваат каде виделе слични направи, дали виделе воопшто, а потоа во парови самите прават телефон и си разговараат од еден крај на училница до друг. |
| • Видео и радио комуникација<br><br>*(видео, телевизија, радио бранови, анимација, фотографија)*<br>број на часови: **1** | • Наставникот ги прашува учениците за видео и радио комуникација, потоа преку илустрации и видео презентација им го објаснува на учениците развојниот пат на радио и телевизија. Значењето и влијанието кое радиото и видеото го донеле по нивно пронаоѓање. Им прикажува фотографии од најраните телевизори, до најмодерните, начинот на пренесување на радио бранови и сл. Потоа бара од учениците да направат мала и едноставна стоп – анимација или кратка видео приказна.<br>Учениците одговараат на прашањата за видео и радио комуникација, го посочуваат својот избор примери на забава која се нуди таму. Го следат излагањето на наставникот и запишуваат што е најбитно во тетратка. Изработуваат самите стоп-анимација, или видео приказна за време на часот. |
| • Интернет и дигитална комуникација<br><br>*(wi-fi, е-маил,интернет, смс, веб)* | • Наставникот ги прашува учениците да кажат што знаат за интернет и дигиталната комуникација, дали и колку се користи кај нив дома, што се може да опфати таков тип на комуникација. Ги дели учениците во групи од по 4-5 деца и им задава да истражат по некој аспект од овој вид комуникација (пр. раѓање на интернетот; појава на електронска пошта; почеток на безжичната |

| | |
|---|---|
| број на часови: **1** | врска wi-fi; појава и развој на смс; платформите за социјалните медиуми; кои држави најмногу користат интернет и кои возрасти на луѓе и сл.).<br>• Учениците одговараат на поставените прашања, се отвора дискусија за нивното користење на овој тип комуникација, зависноста од истата и сл. по насоките од наставникот групираните ученици истражуваат на дадената тема и информациите ги сумираат и ги презентираат или во форма на изработка на хамер, или изработка на презентација. |

**Тема2. Митологија и верувања**

Вкупно часови: 9 часа

***Знаења/вештини:***

- Ја разбира потребата од создавање на митови кај луѓето во минатото;
- Ја разбира разликата помеѓу мит и легенда;
- Ги знае фантастични суштества и античките божества кај најраните цивилизации;
- Може да ги разбере советите и универзалните пораки од митовите;
- Ги знае најубавите митови создадени од човекот.

***Ставови/вредности:***

- Развива почит кон постарите народи и различности кај луѓето;
- Ја прифаќа важноста на традицијата, приказните и нејзиното влијание денеска;
- Развива однос кон сопственото културно наследство и сопствената религија;
- Развива однос кон културните наследства кај другите народи и другите религии.
- Ја прифаќа важноста на митологијата денес.
- Разбира дека митологијата е средство преку кое може да се влијае на изразување на културните вредности на еден народ.

| *Содржини (и поими) и број на часови* | *Примеринаактивности:* |
|---|---|
| • Вовед во митови и верувања<br><br>*(митологија, мит, легенда, верувања)*<br>број на часови:**1** | • Наставникот започнува со барање на учениците да се истражи фасцинантното патување на еволуцијата на човековите верувања и митови. Им објаснува за потребата од настанок на мит, зошто се важни митовите и како ги обликувале културите низ историјата. Им ја објаснува разликата меѓу мит и легенда, како да знаат да ги препознаат.<br>• Учениците го слушаат излагањето на наставникот и се вклучуваат активно со свои размисли и идеи што се митови и зошто луѓето ги создавале. Ги запишуваат најбитните поими во тетратка. Си ги споделуваат своите најомилени приказни, диференцирајќи ги како мит или легенда. |
| • Антички митови и легенди<br><br>*(Пантхеон,, фантастични суштества, политеизам, монотеизам)*<br>број на часови: **4** | • Наставникот ги запознава учениците со разните видови митови од цивилизациите како Месопотамија, Египет, Античка Хелада, Рим, нордиската, кинеската и сл. откривајчи им на учениците како овие митови им помогнале на луѓето да си ги објаснат природните феномени и нивните верувања за богови и божици.<br>• Учениците го слушаат излагањето, а потоа дискутираат за сличностите и разликите помеѓу разните митологии, која им е попозната од игри, филмови, цртани филмови и која им е најомилена. |
| • Богови и херои<br><br>*(херојско патување, полубог, архетип)*<br>број на часови:**2** | • Наставникот им раскажува одбрани митови со карактеристични познати херои и богови на учениците (епот за Гилгамеш, митот за Атрахазис, Приказната за Ра, Исис и Озирис, Хорус и Сет, митот за Нарцис, Херкулес, Прометеј и Пандора, Ромул и Рем, војната меѓу Аесир и Ванир, Тор оди на риболов, еднооукиот Один и др.). Ги насочува учениците да разговараат за херојскиот лик и неговите особини. Бара да направат истражување за архетипот на хероите во нивните патувања. Која е пораката која тие херои ја кажуваат.<br>• Учениците сами доаѓаат до пораката која ја носи митот дискутирајќи за секој херој посебно и анализирајчи ги нивните постапки, причини за нивна реакција во дадени моменти. |
|  | • Наставникот им дели бели листови на учениците и им објаснува како да направат графичка новела од својот омилен митски јунак и неговата приказна во 7-10 сликички. За целото време им помага и ги советува. На крај, се собираат сите фела од учениците и се прави еден голем стрип.<br>• Учениците сами одлучуваат за која приказна т.е. јунак сакаат стрип да направат и откако ќе ги исцртаат сликичките ги бојат и вметнуваат многу малку текст. |
| • Модерни митови и поп култура<br><br>*(поп – кулрура, еволуција, фолклор, историски контекст)*<br>број на часови: **2** | • Наставникот им објаснува на учениците дека митовите не се само приказни кои се оставени во минатото, туку тие се присутни и во модерната поп-култура, вклучувајќи филмови, видео игри, книги и суперхерои. Ги наспочува на дискусија за модерен супер херој или филм кој е инспириран од митови (пр. „Перси Џексон“, „Супермен“ и др.). Им дава задача на учениците да истражат за „модерните митови“ и какво влијание имаат тие во нашето општество денес? Бара да измислат |

| | |
|---|---|
| | сами свој суперхерој.<br>• Учениците внимателно слушаат, истражуваат на темата на интернет и се вклучуваат во дискусијата за модерните херои и поврзаноста нивна со старите митовите. Учениците размислуваат и си дизајнираат самите свој суперхерој или митолошки лик, измислувајќи му ја и приказната и името. |

**Тема 3. Архитектура и градежништво**

Вкупно часови: 5 часа

***Знаења/вештини:***

- Ја разбира потребата од појава на архитектура, како и нејзината постепена еволуција до денес;
- Ги знае најрепрезентативните и најубавите градби во минатото;
- Ја разбира потребата од создавање масовни храмови и триумфални капии, катедрали;
- Може да идентификува градби кај старите народи, како и разликата помеѓу нив;
- Ги знае развојните фази и функциите кај средновековните, ренесансни и модерни граби;

***Ставови/вредности:***

- Ја прифаќа важноста на појава на архитектура од најстарите времиња, до денес;
- Развива почит кон разните видови градби низ светот, и почит кон нашата традиционална архитектура;
- Разбира за разните техники и правила на градење.

| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примеринаактивности:*** |
|---|---|
| • Историја на архитектура и градежништво | • Наставникот ги прашува учениците дали слушнале за поимот архитектура, што значи? Откако ќе се дефинира поимот, наставникот им раскажува на учениците приказна за првите луѓе, како живееле |

| | |
|---|---|
| *(архитектура, архитект)*<br>број на часови: **1** | во пештери и примитивни засолништа направени од лисја, гранки, животински кожи, односно се дискутира за концептот на првите живеалишта. Додека раскажува им покажува илустрации, енциклопедии со соодветни прикази на првите живеалишта. Вториот дел од часот наставникот ги дели во парови и им помага на учениците во изработка на минијатурни живеалишта од листови, стапчиња и сл.<br>• Учениците со кревање на рака одговараат на поставените прашања и ги запишуваат поимите во тетратка. Внимателно следат за првите живеалишта. Потоа во парови изработуваат од природни материјали некој од типовите на први живеалишта. |
| • Архитектура кај старите народи<br><br>*(зигурат, пирамида, храм, театар, дорски столб, јонски столб, коринтски столб,)*<br>број на часови: **2** | • Наставникот преку кратко видео им презентира на учениците за начинот на градење кај старите цивилизации Персија, Египет, Хелада. Им објаснува за појава на правила во градењето и видови столбови, како и најбитните градби храм и театар. Потоа наставникот им дели макета од зигурат, пирамида, Партхенон.<br>• Учениците го следат предавањето и ги запишуваат најбитните точки во тетратка. Ги цртаат градбите храм и театар. Вториот дел од часот ја изработуваат макета. |
| • Римска архитектура<br><br>*(триумфална капија, фронталност, аквадукт, терми, базилики, инсули, домус)*<br>број на часови: **1** | • Наставникот им раскажува на учениците за достигнувањата на Римјаните во градежништво, проследено со видео презентација. Им обрнува внимание на појава на патишта, појава на аквадукти, појава на бетон, инсули и сл.<br>• Учениците го следат предавањето и ги запишуваат најбитните точки во тетратка. Изработуваат макета од колосеум, или триумфална капија, или базилика. |
| • Од средновековни градби до модерни облакодери<br><br>*(катедрала, конструктивизам)*<br>број на часови: **1** | • Наставникот им раскажува и им илустрира на учениците за развојната фаза на градби од средниот век до модерна архитектура, потенцирајќи ја функционалноста и формата. Ги дели учениците на групи и секоја група добива задача да истражи по една градба од различен период (катедралата Нотер Дам, Дуомо во Фиренца, Емпајер стејт Билдинг и сл.)<br>• Учениците го следат предавањето и ги запишуваат најбитните точки во тетратка. Поделени во групи истражуваат за посочената градба, кога е направена, кој ја направил, главните карактеристики, значењето на градбата и сл. |

| |
|---|
| **Тема 4. Картографија**<br>Вкупно часови: 3 часа |
| ***Знаења/вештини:*** |

- Ја разбира потребата кај човекот за истражување и мапирање;
- Може да ги идентификува разните видови на мапи;
- Разбира како да чита и тилкува мапи;
- Може да ги разликува елементите кои се користат создавање карта, како и нивните улоги во толкување на мапа;
- Го сфаќаат концептот на размер;
- Прави разлика помеѓу физички и политички карактеристики на мапите;
- Ги знае страните на светот и  знае како да ги најде сам.

| ***Ставови/вредности:*** | |
|---|---|
| • Развива почит кон истражување и инспирација кон учење на повеќе места претставени на мапите;<br>• Има критички став кон информациите за картите;<br>• Ги почитува различните форми на картографско изразување;<br>• Развива почит кон културните перспективи;<br>• Потикнува чувство за одговорност на животната средина. | |
| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери на активности:*** |
| • Историја на картографија<br><br>*(картографија, картограф, проекција на карта, легенда, скала)*<br>број на часови: **1** | • Наставникот прашува дали некој има некакви познавања од областа на картографија, што подразбира тоа? Потоа им раскажувакако и зошто луѓето почнале да прават мапи, какви биле првите мапи, какви методи користеле за да ги направат, за што биле користени и сл. Им раскажува низ приказна за добата на истражување, кога кај човекот се јавила потребата од мапирање на секоја педа земја од нашата планета. Додека раскажува наставникот паралелно им прикажува и видео презенатција и илустрации. Ги дефинира со учениците заедно поимите картографија, постанок на зборот, значењето и дефиниција на мапа.<br><br>• Учениците одговараат на прашањата, го следат раскажувањето на наставникот ги запишуваат во тетратка најбитните точки. |
| • Видови мапи<br><br>*(географска карта, политичка карта, координатен систем,* | • Наставникот разговара со учениците за претодната содржина прашувајќи ги за разните видови мапи, дали виделе, знаат ли какви мапи има, што се покажуваат тие и сл? Ги потенцира пишувајќи ги на табла разните видови мапи. Им објаснува на учениците како се читаат мапите, што значат симболите кои се користат во изработка на мапи. Ги дели учениците во групи, давајќи им различни |

| | |
|---|---|
| *компас, бусола)*<br>број на часови: **1** | мапи на секоја група за да го изнајдат скриеното богатство во училиштето, при тоа им посочува како да направат самите компас од секојдневни домашни предмети (пр. здела со вода, игла, магнет, ливче од дрво) барајќи од нив потоа да ги најдат на нивните мапи разните страни на светот. Им дава задача да го најдат „скриеното богатство“.<br><br>• Учениците обајснуваат од општа култура за видовите мапи, каде ги виделе, за што се користат. Внимаваат во своите примери мапи како да ги читаат, како да се снајдат само со мапа без дигитален уред, прават самите компас и откако ќе ги определат страните на светот на нивните мапи излегуваат да го бараат скриеното богатство. Победниците се прогласуваат за најдобрите истажувачи и авантуристи во одделението. |
| • Изработка на мапа<br><br>*(контури, атлас, ГИС, географска должина, географска ширина)*<br>број на часови: **1** | • Наставникот откако ќе ги подели учениците во групи од по 4-5, им дава на секое дете бел лист хартија на кој им дава инструкции како да го исшрафираат. Потоа бара самите да се присетат на изработка на компас и да го направат. Им дава инструкции како да направат сами мапа на училиштето, дворот и блиската маала.<br><br>• Учениците поделени во групи, си го земаат потребниот материјал, сами го шрафираат белиот празен лист хартија, прават компас и ги одредуваат страните на светот. Ги слушаат инструкциите на наставникот за размерот на мапите како да го мерат, на што да внимаваат и излегуваат на терен да ја направат мапата од училиштето. |

| |
|---|
| **Тема3.Транспорт**<br>Вкупно часови: 5 часа |
| ***Знаења/вештини:*** |

- Ја разбира потребата за транспорт;
- Разбира дека транспортот помага при пристап до ресурси, поврзување со други и подобрвање на квалитето на животот;
- Знае различни начини на транспорт;
- Ги разбира основните принципи и механика зад секој начин на транспорт;
- Разликува историски и модерен транспотр;

***Ставови/вредности:***

- Учи критички да го процени влијанието на различни начини на траснпорт врз животната средина;
- Ја цени различноста на транспортните начини од традиционални методи како пешачење и возење велосипед, до модерните технологии како електрични возила и јавен превоз;
- Признава дека различните форми на транспорт се прилагодени за различни цели и контексти;
- Ја цени улогата на иновации во подобрувањето на транспортната ефикасност, безбедност и одржливост.

| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери на активности:*** |
|---|---|
| • Вовед во транспорт<br><br>*(транспорт, инфраструктура, автопат, логистика, автомобилска револуција)*<br>број на часови: **2** | • Наставникот разговара со учениците за Што е тоа транспорт? Зошто е важен? Го разјаснува поимот и потеклото на името. Потоа им раскажува на учениците за појава на тркалото од кај Сумерците во 4ти милениум п.н.е., како Римјаните го користеле во воени цели, па до денес, зошто и како било користено, проследено со илустративна презентација. Втората половина на часот наставникот им дава на учениците задача да направат количка со тркала од стиропор и картон, или катапулт користен за воени цели во антиката.<br>• Учениците активно учествуваат во дискусијата за транспорт и за тркалото, каде и зошто се користи, ги запишуваат најбитните информации во тетратка. Поделени во парови изработуваат количка со тркала како кај старите народи, или катапулт. |
| • Видови транспорт<br><br>*(урбан транспорт, рурален транспорт, поморски транспорт,* | • Наставникот ги прашува учениците за видови на транспорт, а потоа преку илустрации и фотографии им раaскажува на учениците за потеклото и изумите на разните видови транспорт. Кој и каде биле изумени првите бродови, кој и каде ги измислил првите летала, автомобили и сл. Воведува |

| | |
|---|---|
| *железнички транспорт, воздухопловство)*<br>број на часови: **3** | дискусија за значењето на поедини видови на транспорт, ги насочува учениците да ги извлечат позитивните и негативните страни кај патниот, водениот и воздушниот транспорт.<br>Учениците со кревање на рака ги искажуваат своите знаења за видовите транспорт, кажуваат кој со каков транспорт се возел. Внимаваат и запишуваат за клучните точки од презентацијата на наставникот во тетратка. Одговараат за бенефитите и негативните страни кај различните видови транспорт. |
| | • Наставникот ги дели учениците на групи (3-4 деца) и им дава на сите различна тема и период на истражување. (една група ќе истражува за првите велосипеди, друга за појава на првите автомобили, трети за првите авиони итн.) Потоа им помага да направат огромен времеплов од хамер или месарска хартија кој ќе се закачи на ѕидот, а истражувањата на учениците ќе бидат залепени хронолошки со мал опис и илустрација.<br>• Учениците истражуваат се во врска со дадената задача, цртаат, прецртуваат, бојат и на крај сите заедно учествуваат во креирање на транспортниот времеплов кој ќе стои на видно место во нивната училница. |

Изготвил:

Марина Атанасовиќ – наставник

во ООУ „Кочо Рацин“ - Куманово